**20231202206**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 127 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 јуни 2023 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19, 59/21, 67/22 и 65/23), во член 2 по зборовите „свечената униформа“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и униформа за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти“.

Член 2

Во член 3 во точката 4 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во точката 5 точката на крајот од реченицата се брише и се додава сврзникот „и“.

По точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„6. униформа за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти.“

Член 3

Во член 4 точката 3 се брише.

Точките 4 и 5 стануваат точки 3 и 4.

Член 4

Точката 1.3. УНИФОРМА ЗА МОТОЦИКЛИСТИ, потточката 1.3.1. Составни делови на униформата за мотоциклисти и членот 9 се бришат.

Член 5

Во член 14 во ставот 1 по зборовите „амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE““ се додаваат зборовите „амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“.

Во ставот 2 по зборовите „амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE““ се додаваат зборовите „амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“ „TRAFFIC POLICE“.

Член 6

По членот 39-а се додава нова точка 7. УНИФОРМА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ и седум нови членови 39-б, 39-в, 39-г, 39-д, 39-ѓ, 39-е и 39-ж, кои гласат:

„7. УНИФОРМА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ

Член 39-б

Во униформата за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти спаѓаат следните подвидови на униформа:

1. униформа за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти и
2. униформа за моторциклисти.

7.1. УНИФОРМА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ

**7.1.1. Составни делови на униформа за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти**

Член 39-в

Униформата за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти се состои од: зимска јакна со подјакна, кратка мека јакна „виндстопер“, џемпер со рол јака, кошула „рипс“ по кратки ракави, кошула „рипс“ по долги ракави, кошула „аутлас“, панталони „рипс“, панталони „трослојни“, блуза со долги ракави, маица со јака, маица со отвор во форма на буквата „О“, маица со долги ракави, тактичка маица со кратки ракави, дводелен комплет за дожд, капа „безбол“, навлака за шлем, високи зимски чизми и тактички летни чизми.

**7.1.2. Делови што припаѓаат покрај униформата за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти**

Член 39-г

Делови што припаѓаат покрај униформата за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти се: дводелно пододело, подкапа, чорапи кратки, чорапи долги, елече флуоросцентно и ракавици.

**7.1.3. Дополнителни делови што припаѓаат покрај униформа за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти**

Член 39-д

Дополнителни делови што припаѓаат покрај униформа за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти се: широк ремен (опасач) со шнола, футрола за пиштол, футрола за резервна рамка, футрола за лисици за врзување, футрола за радиоврска, футрола за клучеви, футрола за гас маска, држач за батериска лампа, држач за полициска палка и тесен ремен со шнола.

**7.1.4. Ознаки на униформата за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти**

Член 39-ѓ

Ознаките на униформата за извршување на задачи за заштита на определени личности и објекти се: натпис „ПОЛИЦИЈА“, амблем „ПОЛИЦИЈА“, амблем „ОДДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ“, амблем во форма на круг со намалени димензии, натпис „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, метален амблем во форма на круг со намалени димензии.

7.2. УНИФОРМА ЗА МОТОРЦИКЛИСТИ

**7.2.1. Составни делови на униформата за моторциклисти**

Член 39-е

Униформата за мотоциклистите се состои од: виндјакна со подјакна (мото јакна), панталони зимски и летни (мото панталони), џемпер со рол јака, капа „безбол“ (зимска и летна), маица со кратки ракави со јака, маица со отвор во форма на буквата „О“, блуза со долги ракави, дводелен комплет за дожд за моторциклисти (виндјакна и панталони), заштитен појас, рефлектирачки елек за моторциклисти, штитник за врат и делот околу вратот, заштитна кацига со визир и штитник за брада, заштитна летна кацига без визир, чевли летни ниски (мото чевли) и чизми (мото чизми).

**7.2.2. Делови што припаѓаат покрај униформата за моторциклисти**

Член 39-ж

Делови што припаѓаат покрај униформа за моторциклисти се: подлактици за регулирање на сообраќајот флуоросцентни, ракавици за регулирање на сообраќајот, ракавици за мотоциклисти и гајтан за свирче. “

Член 7

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува во рок од една година од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, освен одредбите од член 5 од оваа уредба, кои ќе отпочнат да се применуваат со денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Бр. 41-5679/3
6 јуни 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.